Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-153/4
13-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-153/1 од 31.01.2024 година поднесена од претседателот на Синдикат на Македонска Полиција, со седиште на против Дополнителниот заменик на помошникот министер – д Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонијан, за извршена дискриминација врз друга основа – членување во синдикат во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз друга основа – членување во синдикат во областа на работата и работните односи, сторена од страна на лицетс – Дополнителен заменик на помошникот министер од Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, врз лицето , претседател на Синдикат на Македонската полиција, вработен во Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 31.01.2024 година, поднесена е претставка бр. 08-153/1 од претседателот на Синдикат на Македонска полиција, со за сторена дискриминација врз друга основа – членување во синдикат во областа на работата и работните односи, од страна на лицето – Дополнителен заменик на помошникот министер од Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Во претставката подносителот наведува дека на 29.12.2023 година од страна на работодавачот – Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, преку СВР Скопје ЕНК – ОНК, била доставена покана број 22.21.14.1-1005, врачена на претседателот на Синдикат на Македонска полиција – , во ПС за ОН Гази Баба, за повикување на службен разговор во 14.30 часот во просториите на ПС за ОН Кисела Вода. Се наведува дека од извршениот службен разговор кој бил организиран и реализиран од страна на службени лица при СВР Скопје ЕНК – ОНК и

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, а кој под притисок принудно бил одржан на ден 02.01.2024 година во период од 11 до 13 часот било извршено и директно мешање со вршење на контрола и надзор над работата на Синдикат на Македонска полиција целно кон заплашување на претседателот на овој синдикат со цел непријавување незаконско и непрофесионално постапување на Командир на ПО Мирковци при СВР Скопје. Понатаму, во претставката се наведува дека конкретно станувало збор за реакција на овој синдикат по објавена вест од страна на медиуми кога синдикатот преку соопштение истакнато на нивниот Фејсбук профил изнеле став во врска со настанот за унапредување на лице кое било на функција во министерството и, според наводите во претставката, заради тесно фамилијарна партиска релација назначено за командир на ПО Мирковци.
Во претставката подносителот укажува дека грубо се спровело попречување на работата на синдикатот преку извршена сериозна повреда на уставните и законските прописи, како и кршење на меѓународни конвенции со кои се гарантираат права за слободно организирање и дејствување на синдикатите, преку директно вмешување со тенденциозно вршење надзор и контрола над работата и дејствувањето на Синдикатот на Македонската полиција, а со цел според подносителот, од страна на работодавачот да биде извршен информативен разговор со претседателот на СПМ со негово неколучасовно задржување и испитување во службени простории на МВР.
Воедно подносителот во претставката ја известува Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека од страна на Синдикат на Македонска полиција на 02.01.2024 година била поднесена кривична пријава до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје против лице на кое се однесувале медиумските објави како и објавата на фејсбук профилот на синдикатот заради постоење на основано сомнение за извршена злоупотреба на службена положба и овластување во својство на службено лице од работно место Командир на ПО Мирковци со цел стекнување на корист за себе и друг, а на штета на вработените.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 07.03.2024 година до Министерство за внатрешни работи, Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, достави Барање за произнесување по наводи во претставка заведено под број 08-153/2 по што на 25.04.2024 година во Комисијата е пристигнат Одговор од министерството под Рег.бр. 14.3.2-667/2/1 од 21.03.2024 година.

Во одговорот се наведува дека врз основа на претставката од страна на службени лица вработени во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди биле остварени службени разговори со полициски службеници и било констатирано дека на 27.12.2023 година неповикано во просториите на Единица за насилен криминал пристигнало лицето
– Командир на ПО Мирковци која пријавила дека во период од 23.12.2023 година до 27.12.2023 година на официјалниот профил на Синдикат на Македонска полиција социјалната мрежа Фејсбук, каде администратор бил УПС постојано се изнесувале разни невистини, недолични коментари за нејзиното назначување за

командир, дека истото било спротивно на законските прописи, се изнесувале невистини и коментари за нејзиното семејство во кои се изнесувале и нејзини лични податоци и се нарушувал угледот на именуваната и членовите на нејзиното семејство. Воедно на профилот се споделувале и фотографии од нејзината приватна прослава. Како последица на објавите во точно определен временски период забележала дека од место викано "Чардак" па до нејзиниот дом ја следело ПМВ марка "Шаран" без регистарски таблички па со оглед дека била поставена за командир на ПО Мирковци кое покрива подрачје сензитивно од аспект на меѓуграничен криминал и криминал со недозволена бесправна сеча и транспорт на шума, именуваната била исплашена и се чуствувала загрозена во однос на својот живот и животот на членовите на нејзиното семејство. Именуваната била првично прифатена од Началник на ЕНК и Началник на ОНК кои извршиле консултација со дежурен јавен обвинител од ОЈО Скопје на кој целосно му бил презентиран пријавениот настан, а потоа со оглед да оштетената е полициски службеник како и пријавениот од нивна страна дополнително бил известен јавен обвинител од ОЈОГОКК на кој исто така во целост му бил презентиран настанот по што обвинителот дал насоки да се преземат сите мерки во координација со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи. По извршените консултации со јавните обвинители, Началникот на ЕНК и Началник на ОНК определиле кои инспектори ќе постапуваат по пријавата и им наредиле да земат Записник за примање на пријава бр. 22.21.10.2.1-39/61, а по изготвување на истиот од страна на инспекторите била сочинета покана за лицето па преку Центарот за известување и командување (ЦИК) го известиле Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди дека ќе биде остварен разговор со именуваниот полициски службеник. При тоа во одговорот се наведува дека овој Оддел секогаш е известен кога се врши разговор со полициски службеник кој е можен сторител на кривично дело или прекршок предвиден со Закон за прекршоците против јавниот ред и мир со цел полициски службеници од Одделот да присуствуваат на разговорот. На разговорот кој бил остварен на 02.01.2024 година помеѓу инспектори од ЕНК и полицискиот службеник присуствувале и претставници на ОВККИПС, со посочување дека ОВККИПС воопшто не го повикале лицето ниту па вработени од овој Оддел вршеле притисок во однос на пријавениот настан.

Воедно во Одговорот се наведува дека од страна на претседателот на Синдикат на Македонска полиција , до ОВККИПС доставени биле 4 (четири) претставки против вработени лица во МВР, а во врска со претставката за доставената покана од страна на ЕНК до именуваниот на која биле истакнати негов ЕМБГ и имиња на неговите родители, против полициски службеници од ЕНК од страна на ОВККИПС биле преземени мерки предвидени со Колективниот договор на МВР.

Согласно сето погореизнесено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не се исполнети обележјата на акт на дискриминација врз подносителот – претседателот на Синдикат на Македонска полиција, сторена од страна на лицето - Дополнителен заменик на помошникот министер од Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, врз друга основа – членување во синдикат во областа на работата и работните односи, и тоа онака како е таа опишана во член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, односно "*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".* Имено подносителот на претставката не стори веројатно дека врз него е сторена дискриминација поради членување во синдикат, а заради кое не му е овозможено уживање на права од работен однос на еднаква основа со останатите вработени во Министерство за внатрешни работи, членови на останати синдикати во рамки на министерството.

Врз основа на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
13.05.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- е
- Министерство за внатрешни работи на РСМ,
  Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
  ул. Димче Мирчев, бр. 9, Скопје
- Архива на КСЗД